# Известување за собирање на информации

## Кои се нашите функции и активности?

Нашите функции и активности вклучуваат, меѓу другото:

- заштита и подобрување на безбедноста, здравјето, добросостојбата и квалитетот на живот на корисниците на нега на стари лица
- регулирање на службите за нега на стари лица и обезбедување дека давателите на нега ги исполнуваат обврските за нега на стари лица
- промовирање на давање квалитетна нега и услуги од страна на службите за нега на стари лица
- примање и процена на известувањата за инциденти што се пријавуваат според Шемата за реагирање на сериозни инциденти (Serious Incident Response Scheme)
- разгледување на жалби во врска со давателите на нега на стари лица и со давателите на услуги финансирани од Commonwealth за давање на нега на стари лица.

## Зошто го добивте ова известување за собирање на лични податоци?

Во текот на нашата работа, ние собираме и користиме лични информации, вклучително чувствителни информации што се директно поврзани или во разумна мера неопходни за извршување на една или повеќе наши функции или активности според *Законот за Комисија за квалитет и безбедност на негата на стари лица од 2018 година* (*Aged Care Quality and Safety Commission Act 2018* – the Quality and Safety Commission Act) и *Законот за нега на стари лица од 1997 година* (the Aged Care Act).

Ние сме овластени да собираме, користиме и објавуваме извесни лични информации во согласност со Законот за Комисијата за квалитет и безбедност, Законот за нега на стари лица и Законот за приватност од 1988 година (*Privacy Act 1988*). Вие го добивте ова известување затоа што собираме или собравме ваши лични информации заради една или повеќе од тие цели.

## Како собираме лични информации?

Ние ќе собираме лични информации преку низа различни канали, вклучително кога комуницираме со вас или со ваш претставник со писмо, имејл и преку нашата веб страница. Ние исто така собираме лични информации кога вие или ваш претставник се сретнувате со нас лично или разговарате со нас по телефон. Исто така може да ги собираме вашите лични информации од трети странки, како што се други владини агенции или некој соодветен давател на услуги на нега на стари лица и од неговиот персонал.

## Кога вашите лични информации може да бидат откриени?

Вашите лични информации информации може да ги откриеме на трети странки заради извршување на една или повеќе наши официјални функции или активности. На пример, вашите лични информации може да бидат вклучени во упат до друга организација што ги надгледува здравјето и квалитетот на здравствената нега и професионалните стандарди, како што е Australian Health Practitioner Regulation Agency, Министерството за здравство (Department of Health) и или на полицијата ако податоците се во врска со некој инцидент.

Вашите лични информации ќе ги користиме и откриеме заради други цели само во согласност со Делот 7 од Законот за Комисијата за квалитет и безбедност, Делот 6.2 од Законот за нега на стари лица или каде е потребно или дозволено со закон.

Ќе обезбедиме дека ќе биде исполнето секое ваше барање во поглед на доверливоста на личните податоци, освен во случај дека правејќи го тоа ќе бидат изложени на ризик, или е веројатно дека ќе бидат изложени на ризик, безбедноста, здравјето или добросостојбата на некое лице.

Ќе бидат преземени сите разумни чекори да се известат соодветните лица пред да се одлучи да не биде исполнето нивното барање за доверливост.

Лични информации обично не откриваме на странски корисници, но ќе преземеме разумни чекори да ве известиме ако имаме намера да го сториме тоа.

## Повеќе информации

За повеќе информации за нашите постапки во поглед на постапките за приватност, вклучително како да се добие пристап или исправат ваши лични податоци, или како да се поднесе жалба во врска со доверливоста, видете го правилникот за доверливост на информации што е објавен на нашата веб страница или јавете нѝ се по телефон.

Сите информации во оваа брошура беа точни во април 2021.


**Телефон**
1800 951 822

**Веб страница**
agedcarequality.gov.au

**Пишувајте**
Aged Care Quality and Safety Commission
GPO Box 9819, во вашиот главен град